**Република Северна Македонија**
**Основен суд Неготино**
**Су-04 број 99/23**
**28/12/2023 година**
**Неготино**

Претседателот на Основен суд Неготино Билјана Толова, врз основа на член 39 и член 88 од Законот за судовите, а согласно член 112 став 1 од Судскиот деловник, по одржаната седница на судии на ден 27/12/2023 година и доставените мислења од судиите, на ден 28/12/2023 година го донесе следниот

# Распоред за работа на Претседателот на судот и судиите во Основен суд Неготино за 2024-та година

1. **Претседателот на судот Билјана Толова** ќе го претставува судот, ќе ја организира работата на судот, ќе презема мерки заради навремено и уредно вршење на работата и ќе постапува по:

- предмети од судска управа (уписници „Су“, „Су-01“, „Су-02“, „Су-03“, „Су-04“, „Су-05“, „Су-06“, „Су-изз“, „Су-дов“, „Су-стр дов“)
- предмети од уписник „УПП“ (поплаки и преставки) и уписник „СПИ“ (слободен пристап до информации)
- предмети од уписник „Зав-х“
- парнични предмети од уписник „П-2“
- предмети од уписникот „РО“, повторно заведени предмети од уписник „РО“ и предмети од уписник „РО.Пов“
- Претседател на Кривичен совет (уписници „Кс“, „Ксп“, „Кс-Кр“, „КП“, „Кук“, „УО“ и „К.Пов“), како и по предметите од активната архива и од пасивната архива од истите уписници
- предмети од уписник „Кр“
- Претседател на совет во прекршочни предмети за кои се одлучува во совет (уписник „Прк.Пов“)
- предмети од уписник „Прк-р“
- предмети за извршување на прекршочни санкции (уписници „Ипрк“, „Исам-Д“, „Исам“, „ИОИП-МБ“), како и предмети од активна и пасивна архива од Одделение за извршување на прекршочните санкции
- судија на предходна постапка (уписници „К-ПП“ и „КНЗД“)
- предмети формирани по приговори за незаконитости при извршувањето (уписник „ППНИ“), предмети од уписник „ППНИ“ формирани по барања за изземање од извршување по член 218 од Законот за извршување, по барања за одлагање на извршување по член 91 од Закон за извршување и по барања за издавање дозвола за извршување (уписник „ИДС“)
- ненасрочени прекршочни предмети од уписник „Прк-с“ примени заклучно до 31.12.2023 година со прераспределба од судија Розеана Ѓорѓиева и
- дежурен судија по предмети од сите области.

**2. Судија Ацо Анѓелковски ќе постапува по:**

- парнични предмети од уписниците „П-1“, „П-3“, „П-4“, „П-5“ и „Малв.П“
- предмети од уписник „РО“ примени заклучно со 03/04/2023 година
- замолници од уписник „Зам-с“
- платни налози и приговори против платни налози (уписник „Пл.“, „Малв.Пл-1-П.“ и „Пл.-1 П.“)
- оставински предмети (уписник „О-1“ и „О-над“)
- вонпарнични предмети (уписници „ВПП“, „ВПП-1“, „ВПП-2“ и „РВПП“)
- други парнични и вонпарнични предмети („Зав“, „Зав-с“, „ПСО“, „РП“, „ОДС“, „ПОМ“, „ПИ“, „ПСО“, „ИПК“, „ПОМ“, „Знд“ „ИЗС“, „Пл.Ж“, „П.Пов“, „Малв.Пов“)
- повторно заведени предмети од сите погоренаведени уписници од граѓанска писарница од судија Лазар Ризов без уписник „РО“
- член на кривичен совет
- судија известител при водење на посебни кривични постапки
- останати нерешени прекршочни предмети од уписник „Прк-ј“ примени заклучно со 31/12/2022 година
- пасивна архива од извршни предмети по кои постапувал како извршен судија и по предметите од пасивна архива од извршен судија Владанка Ристова и судија Лазар Ризов (уписник „И“)
- дежурен судија по предмети од сите области
- предмети за извршување на кривични санкции (уписници „КУИКП“, „ИКП“, „ПК“, „ИОИП“ и „ИСАМ-Л“), како и по предметите од активна и пасивна архива од Одделението за извршувањето на кривичните санкции
- кривични предмети од уписник „К“ во случај на изземање на судија Розеана Ѓорѓиева со одлука на Претседателот на судот
- предмети од активна и пасивна архива од судија Лазар Ризов од сите уписници по кои постапува судијата и
- ненасрочени прекршочни предмети од уписник „Прк-с“ примени заклучно до 31.12.2023 година со прераспределба од судија Розеана Ѓорѓиева

**3. Судија Розеана Ѓорѓиева ќе постапува по:**

- сите кривични предмети, како и по повторно заведени кривични предмети
- замолници од кривична област („Зам.К.“) и од прекршочна област
- прекршочни предмети од уписниците „Прк-с“, „Прк-о“ и „Прк-ј“ и по сите повторно заведените предмети од наведените прекршочни уписници од претходни судии
- постапување по активна и пасивна архива од претходни судии од кривично и прекршочно одделение
- член на кривичен совет
- дежурен судија по предмети од сите области
- Заменик на Претседателот на судот и
- предмети од уписник „Зав-х“, „Кр“ и „Прк.р“ како Заменик на Претседателот на судот

**4.** По одлука на Претседателот на судот донесена по поднесено барање за изземање, на судијата може да му биде прераспределен предмет во работа и по уписник кој не му е доделен со Распоредот за работа.

**5.** Дежурните судии постапуваат по сите итни предмети примени во судот по 14,00 часот во текот на работната седмица.

**6.** При оправдано отсуство на судијата на претходна постапка, итните предмети од уписникот „К-ПП“, примени во текот на работното време, да се распоредуваат кај дежурниот судија по распоредот за дежурства на судиите, односно кај секој нареден дежурен судија.

Доколку отсуството на судијата на претходна постапка е во ден петок, кога настапува промена на дежурниот судија, итните предмети од уписникот „К-ПП“ примени во текот на работното време во работен ден петок, да се распоредуваат кај дежурниот судија кој го започнува дежурството во работниот ден петок .

При непредвидено оправдано отсуство на дежурен судија (спреченост дежурниот судија да постапува поради непредвидена околност-нарушена здравствена состојба или друго), итниот предмет на дежурство се распоредува кај наредниот дежурен судија по месечниот распоред за дежурства на судиите.

**7.** Примерок од Распоредот за работа на Претседателот на судот и на судиите за 2024-та година да се достави до судиите, извршителите во писарниците и информатичарот за негово спроведување во АКМИС.

**8.** Распоредот за работа на Претседателот на судот и на судиите започнува да се применува од **01.01.2024 година.**

## О б р а з л о ж е н и е

Претседателот на судот врз основа на член 39 и член 88 од Законот за судовите в.в. член 112 од Судскиот деловник, по одржаната седница на судии на ден 27/12/2023 година и доставените мислења од судиите, го донесе Распоредот за работа на Претседателот на судот и судиите за 2024-та година во Основен суд Неготино.

При изготвување на Распоредот за работа, Претседателот на судот ги имаше во предвид мислењата од судиите, па во делот од дадените мислења кој се однесува за постапување на секој судија во една правна област, оцени дека не постои можност за поделба на работата во специјализирани судски оддели, со оглед на тоа што Основен суд Неготино сега работи само со тројца судии, а предвид потребите од постапувања во различни правни области на различни судии, Распоредот за работа го направи на начин што дел од судиите ќе постапуваат во различни правни области, како што е и досегашниот начин на работење на овој суд години наназад.

Исто така, се имаше во предвид и вкупниот број на нерешени предмети по судија, поради што се направи прераспределба на ненасрочените прекршочни предмети од уписник „Прк.с“, а се со цел повоедначено оптоварување со предмети по судија и поефикасно работење на судот.

Покрај таксативно наведените уписници по правни области, повторно од истите погоре образложени причини, со одлука на Претседателот на судот донесена по поднесено барање за изземање, на судијата може да му биде доделен во работа предмет и по уписник кој не му е доделен со Распоредот за работа, а согласно член 177 и член 178 од Судскиот деловник.

Врз основа на член 116 став 1 од Судскиот Деловник, се определи дека дежурните судии ќе постапуваат по сите итни предмети примени во судот по 14,00 часот во текот на работната седмица, поради неможност итниот предмет да го заврши редовниот судија до крај на редовното работно време.

Основен суд Неготино, 28/12/2023 година.

**Претседател на**
**Основен суд Неготино**
Билјана Толова

Точноста на преписот го потврдува
Управител на судска писарница

**Правна поука:**
Против Распоредот за работа на Претседателот на судот и судиите во Основен суд Неготино, дозволен е приговор во рок од 3 дена од денот на приемот преку овој суд до Општата седница на Врховниот суд на РСМ.